Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Ноември 2022

Бр. **01**

# Антикорупциски месечник

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата е активна мрежа на граѓански организации која промовира добро владеење, предводи иницијативи и презема чекори за застапување во насока на охрабрување на граѓаните и поттикнува политичка волја за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.

Антикорупциски месечник е информатор на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата. Прикажани се активностите на членките во изминатиот месец.

ПЛАТФОРМА на граѓански организации за борба против корупцијата

## Центар за граѓански комуникации

## Јакнење на способноста на општините и локалните јавни претпријатија за спречување на корупцијата

Со антикорупциската обука за претставниците на Општина Струмица и локалните јавни претпријатија одржана на 4-5 октомври, Центарот за граѓански комуникации ја заврши низата од осум обуки кои треба да им помогнат на вработените во општините и во локалните јавни претпријатија при воведувањето систем за интегритет, намалувањето на ризиците од корупција во јавните набавки и зголемувањето на транспарентноста во работењето.




Обуки претходно се спроведоа и во општините Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Тетово, Чаир и Штип, а вкупно учествуваа повеќе од 170 вработени во општините и во локалните јавни претпријатија. Активностите се дел од проектот „Заштита од корупција“ што се спроведува со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во периодот 2021-2024 година.

## Транспаренси Интернешнл-Македонија

## Работилница: „Улогата на лицата одговорни за внатрешно пријавување за ефикасна имплементација на Законот за заштита на укажувачи“



Транспаренси Интернешнл Македонија во рамки на проектот „Застапување на имплементација на законодавство за укажувачите во Република Северна Македонија“ на 7 октомври организираше работилница на тема „Улогата на лицата одговорни за внатрешно пријавување за ефикасна имплементација на Законот за заштита на укажувачи“. Говорници на оваа работилница беа г-ѓа Слаѓана Тасева, претседателка на Транспаренси Интернешнл Македонија, г-ѓа Билјана Ивановска, претседателка на Државната комисија за спречување на корупција и г-ѓа Ирена Поповска, овластено лице за внатрешно и надворешно пријавување во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Анализата на примените полугодишни извештаи покажува дека има мало подобрување во примената на Законот за заштита на укажувачите во однос на заштитено внатрешно пријавување. Поднесените пријави преку каналот на внатрешно пријавување кој е воспоставен во институциите, покажува дека граѓаните се охрабруваат да ја користат оваа можност за пријавување на сомневање/сознание за незаконитости или неправилности во работењето на институциите.

## Настан: Кога можеме да очекуваме именувања по мерит

### Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) на 19 октомври организираше настан на тема „Закон за висока раководна служба: Кога може да очекуваме именувања по мерит?“ на кој се дискутираше процесот на носење на Законот за висока раководна служба како и за вредностите и начелата врз основа на кои треба да се води процесот на именување. На настанот се обратија Министерот за информатичко општество и администрација Адмирим Алити и Миша Поповиќ, Раководител на Центарот за добро управување при Институт за демократија.

Настанот беше организиран во рамки на проектот „Поттикнување на јавната дебата за антикорупција“ поддржан од Националниот фонд за демократија. Проектот цели кон поддржување на реформскиот процес во Северна Македонија преку зајакнување на реформската агенда во областа на владеењето на правото



## Работен состанок со судии, јавни обвинители и адвокати

### Коалиција сите за правично судење

Коалиција „Сите“ за правично судење на 25 октомври, одржа работен состанок со судии, јавни обвинители и адвокати. На состанокот, покрај презентирањето на наоди од работата на Коалицијата, во делот на дискусија се разговараше и по однос на согледувањата на учесниците во врска со постоечката легислатива и нејзиното спроведување во пракса, како и во врска со измените на Законот за кривичната постапка кои се во мтек и се планираат во иднина.



Целта на овој работен состанок е меѓу другото и продлабочување на соработката помеѓу судството и граѓанскиот сектор, а во насока на унапредување на довербата на граѓаните во судовите и институциите на системот. Панел дискусијата и работниот состанок беа организирани во рамките на Годишната програма за работа на Коалиција Сите за правично судење, финансиски поддржана и овозможена од страна на Европската комисија преку Делегацијата на Европската Унија во Скопје.

## Меѓународна и регионална соработка: надминување на границите во борбата против корупцијата

### Македонски центар за меѓународна соработка




Меѓународната и регионалната соработка е моќна алатка за ефикасно решавање на проблемот со корупцијата. корупцијата е сложено прашање кое бара размена на искуства и добри практики меѓу земјите. бројни области и активности се дел од меѓународната соработка, како што се следење на корупцијата, размена на практики, проверка на изјави за имот, едукативни активности за подигање на јавната свест, заштита на укажувачите, судир на интереси и многу други.

Повеќето земји од западен Балкан имаат потпишано и ратификувано низа документи за борба против корупција. сепак, нивните законски рамки и практики сè уште не се целосно усогласени со меѓународните стандарди, кои бараат дополнителни реформи на ова поле. овој документ за политики го истражува позитивното влијание на меѓународната соработка и поддршка, предизвиците со кои се соочуваат прекуграничните антикорупциски мрежи и ризиците од нетранспарентна распределба на средствата на донаторите.

### Центар за граѓански комуникации

## Истражување: Ограничено ниво на транспарентност на најголемите државни претпријатија

Центарот за граѓански комуникации го објави истражувањето за транспарентноста и отчетноста на претпријатијата во државна сопственост. 30-те најголеми претпријатија во 2022 година објавиле само 48 % од информациите и документите што треба да ги објават на своите веб-страници, што е мал пораст од 7 поени во однос на претходната година кога овие претпријатија објавиле само 41 % од потребите информации.




Поголем напредок во транспарентноста имаат претпријатијата основани од Владата отколку оние основани од општините. Како последица на необјавување на законски задолжителните извештаи за финансиското работење, исполнети се услови за разрешување на 7 директори на јавни претпријатија.

---

### Коалиција сите за правично судење

## Панел дискусија: Права и обврски при интеракција со полициски службеници“.

Коалиција „Сите“ за правично судење на 21 октомври одржа панел дискусија на тема „Права и обврски при интеракција со полициски службеници“.
Оваа панел дискусија беше наменета за општата јавност, односно граѓаните со цел да истите се запознаат со функционирањето на релевантните институции, да се приближи работата на овие институции до нив, со посебен фокус да граѓаните се запознаат со нивните права, а воедно и обврски при нивната интеракција со полицијата.




Свои излагања во улога на панелисти имаа: судија Лидија Петровска, адвокат Александар Тумановски и самостоен советник-обучувач Македонка Ѓорѓиевска од Центарот за обука при МВР.

---

### Институт за човекови права

## Анализа на националните документи релевантни во борбата против корупцијата

Предмет на анализата е следењето на реализацијата на предложените мерки и преземените активности во борбата против корупцијата, предвидени во Планот за борба против корупција на Владата „Акција 21“, Националната стратегија за превенција на корупцијата и судирот на интереси на Државната комисија за спречување корупција и Планот за политики за добро владеење.




Анализата содржи заклучоци и препораки за поефективна борба против корупцијата и надминување на моменталните состојби.
Анализата е достапна на македонски и англиски јазик.

## Регионален извештај за антикорупција на СЕЛДИ: Идентитетот на владеењето и понатаму се соочува со сериозен стрес во земјите на Западен Балкан

Македонски центар за меѓународна соработка

Во извештајот објавен од Мрежата за лидерство за развој и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), насловен „Геополитика, заробена држава и врв на корупцијата: Што е следно во борбата против антикорупцијата во земјите од Западен Балкан?", се потенцира дека способноста на демократските системи да ја издржат нестабилноста во голем дел зависи од отсуството на корупција и непотизам во јавниот сектор.
Оваа годишна, длабинска дијагностика на корупцијата и празнините во управувањето во регионот покажа дека корупцискиот притисок се зголемил на Западен Балкан од 2010.




## Детектирање на ризиците од корупција во јавните набавки поврзани со заштита на животната средина

Центар за граѓански комуникации

Центар за граѓански комуникации одржа работилницата на 19 октомври, претставници на граѓански организации од областа на заштитата на животната средина и борбата против корупцијата разменуваа идеи и сознанија за детектирање на ризиците од корупција во јавните набавки поврзани со заштита на животната средина, како и за поцелосно опфаќање на состојбата со одржливите јавни набавки во земјава.

Активноста се спроведе во рамките на проектот „Прилагодување кон климатските промени преку спречување на корупцијата во јавните набавки", финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија, а до крајот на годината ќе бидат претставени резултатите од мониторингот и истражувањето со препораки за унапредување на „зелените набавки" и за заштита од корупцијата во оваа област.



## Мониторинг извештај за исполнетоста на „Планот за политики за добро владеење"

Институт за човекови права

Институт за човекови права направи мониторинг - извештајот за исполнетоста на „Планот за политики за добро владеење" го анализира периодот од април до јуни 2022 со цел мерење на нивото на имплементација на документот и приказ на отворените прашања, празнини и недостатоци во спроведувањето на планираните чекори.

За да може полесно да се оцени нивото на имплементација и да се извести за предизвиците со кои се соочуваат институциите во нивното спроведување, мерките-активностите предвидени во наведениот документ се поделени на три основни области:

- Дигитална трансформација на административните процеси и техничка опременост
- Промени во релевантното законодавство;
- Зголемување на соработката и јакнење на интегритетот и капацитетите на институциите.



# Платформата во медиумите

Транспаренси Интернешнл-Македонија

## Учество на Претседателката на Транспаренси Интернешнл- Македонија во емисијата „Аргумент плус“



Г-ѓа Слаѓана Тасева, Претседателка на Транспаренси Интернешнл Македонија зема учество во емисијата на ТВ 24 „Аргумент плус“. Во текот на емисијата се збореше за последниот извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија, посебно за делот за борба против корупцијата и организираниот криминал. Во текот на емисијата се збореше и за заштитата на укажувачите. Нема политичка волја и политичарите не сакаат да се напаѓаат и замеруваат, вели Слаѓана Тасева, претседателка на Транспаренси Интернешнл-Македонија.

## Учество на програмската директорка на Центарот за граѓански комуникации во емисијата „Топ тема“

Центар за граѓански комуникации

Програмската директорка на Центарот за граѓански комуникации, Сабина Факиќ на 7 октомври учествуваше во емисијата „Топ тема“ на ТВ Телма на која се дискутираше за корупцијата во јавните набавки. Факиќ во својот настап меѓу другото истакна дека граѓаните треба да бидат многу позаинтересирани за начинот на којшто се трошат јавните пари преку тендери, бидејќи само во 2021 година биле потрошени над една милијарда евра на јавни набавки. Факиќ зборувајќи за тендерските постапки укажа на најголемите слабости и посочи дека е потребно да се засили контролата во јавните набавки и казнивоста на констатираните незаконски постапувања.




Македонски центар за меѓународна соработка

## Учество на проектната координаторка Македонскиот центар за меѓународна соработка во емисијата „Трилинг“

Снежана Камиловска Трповска, соработничка на проекти во Македонски центар за меѓународна соработка, на 28 октомври учествуваше во емисијата „Трилинг“. Емисијата се осврна на потребата на Република Северна Македонија од Закон за потекло на имот.



Во своето излагање истакна дека институциите треба да ја сфатат сериозноста на спречување на корупцијата. Опсегот на институции не е само надлежност на ДКСК, имаме корпус на институции кои треба да соработуваат за да има проток на информации. Воедно треба граѓаните да бидат свесни дека имотот не треба да се прикрива, треба да биде соодветно пријавен согласно анкетните листови.

# Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии

Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Институт за човекови права

Конект

Коалиција Сите за правично судење

Македонски центар за меѓународна соработка

Метаморфозис

Мост

Институт за економски стратегии и меѓународни одоси - Охрид. (Институт Охрид)

Транспаренси Интернешнл- Македонија

Транспарентност Македонија

Фондација отворено општество Македонија

Форум ЦСИД

Хелсиншки комитет за човекови права

Центар за граѓански комуникации

Центар за истражување и креирање политики

SCOOP – Центар за истражувачко новинарство